ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за планирање и
уредување на просторот

ПРЕТСТАВНИК: Пом.раководител на Сектор
Александар Јанакиески д.и.а.

# П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А

за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградба на основно училиште

Скопје, февруари 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 59 став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20), Советот на Град Скопје на _______________ седница, одржана на ___ февруари 2022 година, донесе:

# О Д Л У К А
**за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградба на основно училиште**

## Член 1

(1) Со оваа одлука инвеститорот Општина Центар се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на објект на О.О.У. „Коле Неделковски“-Скопје, според ДУП за Дебар Маало 2, за Г.П. 2.1 со намена В1-образование, на ул. „Антоние Грубишиќ“ бр.8, КП 10196 и др. КО Центар 1, со средства во износ од 1.785.306,00 денари, за бруто корисна површина од 384,66 м2 или нето наплатна површина од 303,44 м2.

(2) Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

## Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат дел од вкупниот надоместокот за уредување на градежното земјиште во висина од 60% наменет за Градот Скопје.

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 07 - __________
___ февруари 2022 година
Скопје

Совет на Град Скопје
Претседател,
Трајко Славески

**О б р а з л о ж е н и е**

Правен основ за донесување на оваа одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 59 став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19, 18/20 и 279/20), според кој одобрение за градење не може да се издаде ако не е платен надоместокот за уредување на градежно земјиште освен ако инвеститорот и општината склучат договор за плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште на рати или склучат договор со кој е утврдено дека инвеститорот ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок или донесен е акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот.

Инвеститор за доградба на објект на О.О.У. „Коле Неделковски“-Скопје, според ДУП за Дебар Маало 2, за Г.П. 2.1 со намена В1-образование, на ул. „Антоние Грубишиќ“ бр.8, КП 10196 и др. КО Центар 1, е Општина Центар.

По барање број 08-1053/1 од 28.01.2022 година од страна на Општина Центар, Градот Скопје за да придонесе во реализацијата на проектот и изградба на истиот, оценува дека на овој начин треба да биде регулиран надоместокот за уредување на градежното земјиште наменет за Градот Скопје.

Со усвојување на оваа одлука, Градот Скопје заради претходно направени вложувања на конкретните локации, нема обврска да учествува во уредувањето на градежното земјиште. Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на Општина Центар.

Заради тоа, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.